Денес е Меѓународниот ден на Единиците за финансиско разузнавање (Financial Intelligence Units - FIU)! Управата за финансиско разузнавање ги поканува субјектите и надлежните институции да продолжат со заедничката работа за идентификување, спречување и оневозможување на финансискиот криминал. Соработката е клучна!




Скопје, Република Северна Македонија, 9 јуни 2026 година

Управата за финансиско разузнавање, го одбележува 9- ти јуни - Меѓународниот ден на Единиците за финансиско разузнавање (FIU).

Овој датум го означува основањето на Егмонт групата во 1995 година во палатата Егмонт во Брисел и претставува пресвртница во глобалната соработка за целите на спречување перење пари од причина што е воспоставена мрежа за соработка меѓу единиците за финансиско разузнавање. Затоа овој ден е посветен да ја промовира меѓународната соработка во борбата против перењето пари и финансирањето тероризам и да ја препознае и признае виталната улога што ја имаат единиците за финансиско разузнавање во заштитата на глобалниот финансиски систем.

Единиците за финансиско разузнавање претставуваат витален столб и централна институција во системот за спречување перење пари и финансирање тероризам, успешно воспоставувајќи мост помеѓу приватниот сектор (финансиските институции и нефинансиските дејности и професии) и органите за спроведување на законот. Континуирано, преку идентификување, детална анализа и стратешко и/или оперативно споделување на информации, овие единици придонесуваат да се идентификуваат и разбијат сложените мрежи за перење пари и финансирање тероризам. На тој начин, тие не само што го осигуруваат глобалниот финансиски интегритет, туку и активно ги штитат националните економии од криминал. Во оваа мисија, меѓународната соработка има непроценлива вредност, особено преку членството во престижната Егмонт група. Повеќе од 180 единици за финансиско разузнавање од различни држави работат заедно за заштита на глобалниот финансиски систем во рамки на Егмонт групата, која овозможува безбедна, навремена

и доверлива размена на податоци меѓу државите. Оваа синергија меѓу финансиско-разузнавачките единици ширум светот дополнително ја зајакнува глобалната борба против финансискиот криминал. Соочени со современите предизвици, финансиско-разузнавачките единици покажуваат исклучителна флексибилност и капацитет брзо да се прилагодат на новите типологии, еволуцијата на криминалните методи и незапирливиот технолошки напредок. Во тој контекст, тие посветено и стратешки се справуваат со софистицираните закани кои произлегуваат од виртуелните средства, сајбер-криминалот и комплексните прекугранични шеми.

Затоа, меѓународниот ден на FIU ја истакнува работата на единиците за финансиско разузнавање ширум светот и им оддадава признание на лицата вработени во овие институции кои посветено работат со цел спречување на недозволените финансиски текови, претворајќи ги финансиските податоци во применливи разузнавачки информации. Препознавајќи ја континуираната еволуција на единиците за финансиско разузнавање, овој ден ја потврдува важноста на финансиското разузнавање како камен-темелник на ефикасните системи за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Во Република Северна Македонија, Управата за финансиско разузнавање е национален центар за прием, анализа, доставување и размена на финансиско-разузнавачки податоци уште од своето основање во 2002 година. Развивајќи се од Дирекција за спречување перење пари, преку Управа за спречување перење пари и финансирање на тероризам до сега, како Управа за финансиско разузнавање останува да биде институција која има централно место и улога во системот за спречување перење пари и финансирање на тероризам. Преку долгогодишна и блиска соработка со субјектите кои доставуваат извештаи, со органите за спроведување на законот, јавните обвинители, надзорните и другите надлежни органи, Управата за финансиско разузнавање е сигурен и доверлив партнер, кој обезбедува ефикасни одговори на финансискиот криминал и ја зајакнува националната рамка за спречување перење пари и финансирање тероризам. Управата за финансиско разузнавање, како член на ЕГМОНТ Групата од 2004 година, ја демонстрира својата посветеност во борбата против нелегалните финансиски текови на меѓународно ниво, потпирајќи се на принципите на доверливост, соработка и брза размена на податоци. Исто така, извршувајќи ја својата надзорна функција, Управата за финансиско разузнавање придонесува за ефикасна и ризично базирана примена на мерките за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Како што финансискиот криминал станува покомплексен и технолошки напреден, Управата за финансиско разузнавање континуирано се развива и прилагодува на новите трендови преку усовршување на аналитичките алатки, ги проширува базите на податоци кои ги користи и континуирано инвестира во развој на вештините и експертизата на своите вработени. Развојот на Управата за финансиско разузнавање, како и на другите институции кои го сочинуваат системот за спречување перење пари е насочен кон обезбедување на поголем степен на усогласенот со меѓународните стандарди дефинирани од страна на ФАТФ (FATF – Financial Action Task Force) и кон обезбедување на поефикасен одговор на заканите и ризиците од перење пари и финансирање на тероризам. И токму соработката на Управата за финансиско разузнавање со националните и меѓународните партнери, придонесува за заштита на финансискиот интегритет и јавната безбедност.

На овој Меѓународен ден на на единиците за финансиско разузнавање, Управата за финансиско разузнавање им се придружува на единиците ширум светот во оддавањето значење на

придонесот на своите вработени и ја потврдува заедничката посветеност за заштита на финансиските системи и промовирање на меѓународната соработка.

Користејќи го овој ден како дополнителен повод, Управата за финансиско разузнавање се заблагодарува за поддршката која ја добива од своите партнери на национално и меѓународно ниво во спроведувањето на мерките за спречување перење пари и финансирање на тероризам, ја потврдува својата посветеност кон унапредување на системот за спречување перење пари и финансирање на тероризам и реализирање на приоритетите дефинирани во Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам (2026-2029) и унапредување на соработката во борбата против финансискиот криминал.